Врз основа на член 6 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 145/15, 192/15, 30/16, 120/18 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 235/24), член 13 став (1) од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 59/25) и член 5 став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година, бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година, бр. 01-109/3 од 11.02.2025 година, бр. 01-157/4 од 25.3.2025 година, бр. 01-121/3 од 9.2.2026 година и бр. 01-181/2 од 24.3.2026 година, Државниот испитен центар Скопје распишува

# ЈАВЕН КОНКУРС

## за избор на надворешни соработници – обучувачи

I. Државниот испитен центар Скопје распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници – обучувачи за реализација на Програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта за следниве модули:

1. **Модул број 1 – Примена на информатичко-компјутерската технологија при менаџирање во образованието** - еден обучувач на македонски јазик;
2. **Модул број 2 - Теорија на организација** - еден обучувач на македонски јазик;
3. **Модул број 3 – Луѓето во организацијата** - еден обучувач на македонски јазик;
4. **Модул број 4 – Директорот како педагошки раководител** - еден обучувач на македонски јазик;
5. **Модул број 5 – Финансии** - еден обучувач на македонски јазик и еден обучувач на албански јазик и
6. **Модул број 6 – Законодавство** - еден обучувач на македонски јазик.

II. **Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови:**

**Општи услови:**

– да имаат завршено најмалку високо образование - VII А ниво на национална рамка на квалификации;
– да имаат најмалку 5 (пет) години работно искуство во воспитно-образовна или научна дејност и
– искуство како обучувач од областа на содржината на модулот за кој конкурира.

**Посебни услови:**

– да имаат завршено најмалку академски студии од втор циклус од соодветната област;
– да имаат објавено стручни, односно научни трудови од областа на содржината на модулот за кој се конкурира и
– да имаат изготвено План за реализација на содржините од модулот за кој конкурираат, кој треба да содржи цели, содржини, времетраење, методологии и потребни ресурси за секоја тема поединечно.

III. **Кандидатите задолжително ја доставуваат следнава документација:**

– пополнета пријава (образецот од пријавата е поставен на веб-страницата: dic.edu.mk);
– копија од уверение/диплома за завршено високо образование – прв циклус и диплома за завршени академски студии од втор циклус од соодветната област, а доколку кандидатот поседува и

академски студии од трет циклус, доставува и копија од уверение/диплома за докторски студии – сите документи заверени на нотар;

- потврда за најмалку 5 (пет) години работно искуство во воспитно-образовна или научна дејност, со јасно наведени позиција и период на ангажман, доставена во оригинал или во копија заверена на нотар;
- доказ за реализирани обуки како обучувач од областа на содржината на модулот за кој се конкурира;
- копија од првата страница од објавените стручни, односно научни трудови од областа на содржината на модулот за кој се конкурира;
- План за реализација на содржините од модулот за кој конкурираат, кој треба да содржи цели, содржини, времетраење, методологии и потребни ресурси за секоја тема поединечно.

IV. Изборот на надворешни соработници - обучувачи се врши на начин и во постапка утврдена со Законот за Државниот испитен центар и Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар.

V. Кандидатите кои ќе бидат избрани за надворешни соработници - обучувачи ќе бидат ангажирани за период од 2 (две) години, сметано од денот на склучувањето на договорот.

VI. Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е заклучно со 1.6.2026 година.

VII. Изборот на надворешните соработници ќе се изврши најдоцна во рок од 18 (осумнаесет) дена по истекот на рокот за пријавување.

VIII. Ненавремена, нецелосна и невалидна документација, нема да биде предмет на разгледување.

IX. Пополнетата пријава со потребната документација се доставува во Архивата на Државниот испитен центар (од 10:00 до 14:00 часот) или со препорачана поштенска пратка на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ б.б. 1000 Скопје, со назнака: „**За јавен конкурс за надворешни соработници – обучувачи**“.

X. Дополнителни информации за конкурсот можат да се добијат на телефонскиот број 075/300-606, секој работен ден, од 10.00 часот до 14.00 часот.

**ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР**